ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 - 7790/9
Датум: 26.11.2021
Скопје

Врз основа на член 6 од Правилникот за безбедност и обработка на личните податоци ("Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/2020), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**УПАТСТВО**
**за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци**

**Член 1**

Со ова упатство се пропишува начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци во Општина Карпош

**Член 2**

Лица овластени за вршење на обработка на личните податоци во Општина Карпош во смисла на ова упатство се лицата вработени или ангажирани во Општина Карпош кои имаат пристап до документи кои содржат лични податоци и до информатичко комуникациската опрема.

**Член 3**

За обработка на лични податоци во Општина Карпош Градоначалникот донесува решенија.

**Член 4**

(1)За издадените решенија од член 3 на ова упатство, во Општина Карпош се води евиденција која ги содржи следните податоци:
1.Реден број,
2.Име и презиме и работно место на овластеното лице,
3.Број и датум на решението,
4.Рок на важење на овластувањето
5.Обем на овластувањето за пристап до личните податоци
6.Начин на пристап

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925
www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk

(2)Евиденцијата од став 1 на овој член ја води офицерот за заштита на личните податоци во Општина Карпош

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски